# Мисионски стихови



Градиво за
сабoтна школа 2/2021

*Сабота, 3 април 2021*

## КАКО ДА СТАНЕШ УЧЕНИК? 1 ДЕЛ

**„Тогаш Исус им говореше на оние Јудејци, што беа поверувале во Него: ’Ако вие останете во Моето слово, навистина ќе бидете Мои ученици; и ќе ја запознаете вистината, и вистината ќе ве ослободи‘“ (Јован 8, 31.32).**

Во овој стих Исус им се обраќа на оние кои веќе поверувале. Тој изјавува дека не е доволно само да се верува во Него. Да се биде Негов ученик, значи постојано да се држиме до Неговата наука. Тоа опфаќа еден подолг процес, а не само почетното доаѓање кај Христа.

Исус ветил дека последица на постојаното прифаќање на Неговата наука, ќе биде целосно познавање на вистината. Јован подоцна ја запишува изјавата на Исус дека Тој е вистина (Јован 14,6). Според тоа, оној кој сака да биде Исусов ученик, мора навистина да го познава Исуса како конечна вистина во животот. За да го постигнеме тоа во евангелската работа, пред да станат ученици, обратениците треба да ги запознаеме со основните Исусови поуки. Значи ученик е секој кој е послушен на Исусовите зборови, и кој ги извршува заповедите. Нема сомневање дека Неговите заповеди ги извршува од љубов кон Исуса, а не поради должност или некои други барања. Ова укажува на силната поврзаност со Исуса како основа на секое учење, а плодот на таа поврзаност е послушноста на Исусовата наука. Ако недостасува овој надворешен плод, тоа покажува дека таа личност сѐ уште не станала Негов ученик.

Ученик е оној кој ќе го послуша Христовиот повик да му се придружи. Во еврејскиот контекст тоа значи многу повеќе отколку во грчкиот. За Грците, ученикот бил калфа или чирак. Во Новиот завет тоа значи потполна преданост. Тоа се забележува при нагласувањето на подучувањето, кога Исус ги повикувал учениците.

*Сабота, 10 април 2021*

## КАКО ДА СТАНЕШ УЧЕНИК? 2 ДЕЛ

**„Нова заповед ви давам: да се љубите еден со друг; како Јас што ве возљубив, така и вие да се љубите еден со друг. По тоа ќе ве познаат сите дека сте Мои ученици, ако имате љубов меѓу себе“ (Јован 13,34.35).**

Љубовта е апсолутен, непогрешлив тест дека некој станал ученик. Може да се рече дека некој е ученик ако сака безусловно, како Исус. Тоа не значи дека оваа љубов е совршена, туку во животот на оној кој е Исусов ученик мора, дури и во најмала мера да се види Христовата љубов агапе. Со ова Исус ни дава можност да ги испитуваме учењата. Ако големиот налог ни вели другите да ги сториме ученици, тогаш создавањето на луѓе кои ги нарекуваме христијани, а во чии срца не живее Христовата љубов, значи погрешно да се толкува Христовото евангелие.

Првата црква не можела да го припише својот фантастичен успех на извонредната методологија, туку на доследното сведочење покажувајќи ги во животот јасните обележја на учењето кое Исус го презентирал со својот живот. Трагедија е кога „мноштвото“ ќе биде доведено во црква, без јасни докази за вистинското учење. На тој начин се разорува природното сведочење на црквата и се ослабнува христијанството. Упатствата што Исус ѝ ги дал на црквата за начинот на кој се создаваат ученици, требало да го спречат развојот на црква која го занемарува сведочењето. Исус навистина сакал да го придобие мноштвото, но тоа сака да го направи со „вистинско“, а не вештачко христијанство.

Да обрнеме внимание на библискиот текст Јован 15,8: „Со тоа ќе се прослави Мојот Отец: да носите многу род и да бидете Мои ученици“ (Јован 15,8). Поврзаноста со Христа, значи носење родови. Тие се неизбежна последица на таквата заедница. Бидејќи е неизбежна, тоа значи дека ако нема род, ќе нема создавање на нови ученици. Ова е еден од Исусовите тестови со помош на кои Црк-

вата може да одреди дали некој станал ученик или не. Ученикот мора да донесе родови. Какви родови? Некои ќе речат дека тоа се плодовите на Духот, кои апостол Павле ги опишал во посланието до Галатјаните. Меѓутоа Исус тоа го споменува пред Павле. Во контекстот на овој стих Исус зборува за себе како за лоза, а за своите ученици како прачки. Работата на прачките е да родат род благодарение на својата поврзаност со лозата. Во спротивно ќе се пресечат како неплодни.

Изгледа дека целокупниот контекст на овој текст е насочен на разбирањето на задачата. Христијанинот што нема да роди род со создавање на нови ученици, всушност не е вистински ученик. Според тоа, невозможно е да се биде Христов ученик, а на другите да не им се зборува за Исуса. Учениците не треба само да зборуваат, туку и да создаваат ученици; во спротивно не може да се наречат вистински ученици. Исусовите ученици ги повикуваат другите да станат доживотни ученици. Исус сака да родиме голем род; а тоа не значи случајно и инцидентно придобивање на обратеници.

*Сабота, 17 април 2021*

## УЧЕНИШТВО И МИСИОНСКА РАБОТА, 1 ДЕЛ

**„Стани, засвети, зашто твојата светлина доаѓа, Над тебе блеска Господовата слава“ (Исаија 60,1).**

Библиското толкување за учењето, силно влијае на мисионската работа бидејќи упатува на следниот заклучок, додека учат да станат ученици, мора и самите да бидат поучени за начинот на кој се придобиваат душите. Ако начинот на кој се придобиваат души за Исуса претставува неразделен дел на времето одвоено за учење, на кој начин мисионската работа може да го заобиколи подучувањето за придобивање на душите? Во спротивно луѓето влегуваат во Црква, предавајќи му се на Христа, за потоа останатиот дел од христијанскиот живот да го поминат во служба на самите себе-

си, а не на другите. За да го применат во целост ова сфаќање, Црквата мора новите верници да ги опфати во програма за проучување и да ги вклучи во некоја служба, во согласност со нивните духовни дарови.

За да се остварат овие планови во месната црква, потребна е функционална структура. Тоа значи луѓето кои се придружуваат на Црквата, ги откриваат своите дарови, со цел да најдат свое место во телото. Вистинска трагедија ќе биде ако црквата основа нови цркви составени од верници, кои не станале ученици. Поради тоа малкумина од нив ќе бидат вклучени во каква било служба. Да се едуцираат верниците сега, можеби ќе биде тешко, но многу полесно е да се почне со новите верници околу примената на начинот на евангелската работа, според кој сите што влегуваат во црквата мора да бидат свесни за сопственото место во Црквата.

Во повикот некој да стане Исусов ученик, е содржан и повик да се биде христијанин кој донесува род. Во таа смисла Исус изјавува дека не постои христијанско учење, ако личноста не е вклучена во создавањето на нови ученици. Ова е тесно поврзано со големиот налог во кој Исус бара од своите следбеници, да одат и другите да ги сторат ученици. Секој ученик би требало да биде духовен родител на друг ученик кој се наоѓа во процес на растење.

Секој вистински ученик во Црквата се раѓа како мисионер. Во таа смисла, обратувањето е промена на оние кои „не биле народ“ во Божји народ, кој е активен, вклучен и корисен во Христовото тело.

*Сабота, 24 април 2021*

## УЧЕНИШТВО И МИСИОНСКА РАБОТА, 2 ДЕЛ

**„И што си чул од мене, пред многу сведоци, довери им го на поверливите луѓе, кои ќе бидат способни да ги поучуваат и другите!“ (2. Тимотеј 2,2)**

Целосното обратување во библиска смисла претставува троен процес кој опфаќа: (1) обратување кон Бога во Исуса Христа, (2)

обратување кон Црквата, Христовото тело и (3) обратување во службата за светот за кој Христос умрел.

Ова покажува дека во нашата методологија на евангелизирање и подготовка на членството во Црквата, на новите ученици треба да им се дадат доволно информации со цел да стекнат искуства, за да можат и самите тие да создаваат ученици. Овој процес мора да стане дел од почетниот повик некој да стане христијанин. Не смееме никого да повикуваме да стане ученик, без да му упатиме повик другите да ги стори ученици. Ова, пак, упатува на процес кој води кон вистинско обратување, а не само на брз одговор на повикот да го прифати Христа и да се крсти.

Со истражувањето на библиските текстови кои зборуваат за ученииштвото, дознаваме како Исус ја сфаќал мислата што значи да се биде ученик:

Ученик е оној кој е подготвен да трпи прогонство и исмевање заради Христа. Таквиот ученик се однесува како личност која е секогаш подготвена да учи.

Ученик е оној кој е потполно предаден на Христа како свој господар, подготвен заради Христа да се откаже од сè што има – од имотот, пријателите, семејството и сè друго.

Ученик е оној кој темелно ја разбира и извршува Христовата наука.

Ученик е оној кој покажува дека во неговиот живот, благодарение на поврзаноста со Христа постои агапе љубов.

Ученик е оној кој донесува род така што другите ги прави Христови ученици.

Ако наведените пет точки покажуваат што подразбирал Исус под поимот ученик, тогаш Неговиот голем налог другите да ги сториме Христови ученици, ќе значи да се применува оваа методологија, и ќе се воздигнуваат другите луѓе да ги прифатат овие пет точки во својот живот. Во животот на луѓето кои го прифаќаат Христа треба да има видлив развој на верата. Такво нешто не се случува преку ноќ. За тоа е потребно време, а таа мисла е содржана во поимот ученик, и го опишува она што Христос сака да го постигне Неговата црква.

*Сабота, 1 мај 2021*

## УЧЕНИШТВОТО И КРШТАВАЊЕТО

**„Ние, кои умревме за гревот, како ќе живееме уште во него? Или зар не знаете дека сите ние, кои сме крстени во Исуса Христа, крстени сме во Неговата смрт?“ (Римјаните 6,2.3)**

Според Исусовиот налог луѓето треба прво да ги поучиме, а потоа да ги крстиме во Христовото тело, кое Новиот завет го нарекува Исусова црква (1. Коринќаните 12,1). Во таа смисла невозможно е да се биде крстен а да не се биде верник на Црквата. Предуслов за членство е почетното учење, кое Исус го дефинирал, а претставува основа за крштавањето на верникот. На тој начин оние кои се крстени знаат дека влегле во однос во кој стануваат Христови ученици.

За црквата е многу подобро да се има солиден раст, кој го следи создавање на ученици, отколку евтин раст без вистинско и темелно обратување. Црквата мора да знае дека целта на Големиот налог е создавање на ученици, а не зголемување на бројот на верници на Црквата. Ако Црквата е верна на Големиот налог, оние кои станале ученици треба веднаш да бидат крстени. Повеќето новозаветни примери на крштавање покажуваат дека луѓето се крштаваат многу брзо откако ќе го прифатат изворното учење, при што Исус ќе стане целосен господар на нивниот живот. Постојат два примера: етиопскиот дворјанин и затворскиот чувар во Филипи. Овие примери покажуваат дека крштавањето не било прашање на време, туку прашање на темелно обратување кон Исуса Христа.

Со тоа не мислиме дека луѓето пред крштавањето треба да бидат совршени, ниту ги повикуваме луѓето да се крстат пред да станат ученици. Напротив, истакнуваме дека Христовата задача се остварува кога Црквата ќе ги следи прописите на Оној кој рекол другите да ги направиме ученици. Тоа значи дека оние кои ќе се крстат мораат да ги исполнат првите фази на учењето, токму онака како што барал Исус.

Треба да разбереме дека крштавањето претставува повеќе од симбол на простување на гревовите. Без сомневање тој е вклучен во крштавањето, но Светото писмо укажува на нешто повеќе. Постојат силни новозаветни докази дека крштавањето претставува и симбол на полагање на рацете за служба на сите верници. Новиот завет пружа силни докази за поврзаноста на полагањето раце со крштавање, со што симболички се укажува на воведување на новиот верник во службата. За да биде во согласност со Новозаветната теологија на евангелската задача, потребно е Црквата ова воведување во свештенството на сите верници да го прифати како дел на воведување во христијанството. Ако крштавањето претставува воведување во службата, како што симболизира Христовото крштавање, тогаш создавањето на ученици, кое се прави пред тоа да биде извршено, мора да ги подготви луѓето да влезат во Христовата служба. Ова само по себе го исклучува брзото крштавање, по признавањето на Христа за свој Спасител. Крштеникот мора да биде подготвен да ја прифати Христовата служба на ист начин како и верниците собрани во Неговата црква.

*Сабо̄та, 8 мај 2021*

## ПОСЛУШНИ НА ХРИСТОВАТА НАУКА

**„А Исус им одговори и им рече: „Во заблуда сте, зашто не ги знаете Писмата, ниту Божјата сила.“ (Матеј 22,29)**

Според Големиот налог Црквата не постои само затоа другите да ги стори ученици и да ги крсти, туку да продолжи да ги поучува и по обратувањето и крштавањето. Затоа, заради остварувањето на Големиот налог, луѓето треба да се стават во средина во која ќе можат да ги запознаат сите Христови учења, продолжувајќи да го развиваат својот однос со Него.

Како адвентисти треба да поминеме повеќе време создавајќи заедница помеѓу верниците во нашите цркви, во исто време не забо-

равајќи ја сознајната страна на Христовата наука. Таа претставува дел на Големиот налог. Преку неа Христос ја нагласил потребата да се создаваат ученици кои ќе ги извршуваат заповедите. Според тоа клучна проверка на оние кои станале ученици е нивната послушност кон Христовата наука. Во животот на оние кои се крстени како ученици ќе се види промена. Тие ќе бидат поинакви од порано.

Единствено ако се врати кон библиското гледиште за учеништвото, Црквата ќе може да биде вистински верна и послушна на Големиот налог. За адвентистите кои тврдат дека се Црква која ги извршува заповедите, од најголема важност е да настојуваат да бидат подобри извршители на овие голема Исусова заповед, односно на Големиот налог.

*Сабота, 15 мај 2021*

## СВЕТИОТ ДУХ И ЗАДАЧАТА

**„И додека беше заедно со нив, им заповеда да не се оддалечуваат од Ерусалим, туку да го чекаат ветувањето на Таткото, „што го чувте од Мене“ (Дела 1,4).**

Новозаветната ера почнува со зборовите на Големиот налог кои одѕвонувале во ушите на Христовите ученици. Сакајќи да го исполнат овој налог, побрзале да ги послушаат упатствата на Учителот. Следните десет дена ги поминале во напнато исчекување на ветеното излевање на Духот, кое требало да ги оспособи за извршување на нивната задача. Тоа чекање не требало да заврши со разочарување. Десет дена подоцна, на Педесетница, се случил големиот настан, и Црквата почнала да го извршува Големиот налог.

Исус им рекол на учениците да го чекаат излевањето на силата на Светиот Дух. Некои сметаат дека и денешната Црква треба да ја чека таа сила пред да појде во извршување на задачата. Последица на таквото мислење е дека многу цркви поминуваат време во чекање, без да одат кај другите народи. Меѓутоа чекањето за кое

зборувал Исус бил единствен настан, и се однесувал единствено на учениците. Тоа чекање било наградено со случувањата на Педесетница. Веќе нема потреба за понатамошно чекање. Денес живееме во ерата на Духот, а Тој е веќе излеан. Ова излевање им е достапно на сите верници. Штом ќе станат Христови ученици, на располагање им стои силата на Светиот Дух, кој ќе им помогне да ја споделат сопствената вера со другите.

Понекогаш можеби ќе има потреба Црквата да го чека излевањето на Духот, но само поради тоа што премногу се оддалечила од Духот кој треба да ја подготви за служба. Можеби ни треба време да се вратиме во состојба во која ќе бидеме оспособени за примање на Духот, заради извршување на оваа цел. Меѓутоа причината не е во Бога, кој не сака да ни го прати Својот Дух за служба, туку затоа што не сме подготвени да му дозволиме на Светиот Дух да нè употреби во својата служба.

*Сабота, 22 мај 2021*

## ДОЦНИОТ ДОЖД И ИЗЛЕВАЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ

**„И така, се крстија оние, кои го прифатија неговото слово. И во тој ден се приклучија околу три илјади души“ (Дела 2,41).**

Добро ни се познати термините „ран и доцен дожд“. Овие изрази потекнуваат од земјоделскиот живот во Палестина. Раниот дожд паѓа во октомври или ноември, кога се подготвува почвата за сеење на зимските посеви. Доцниот дожд паѓа во март или април, тоа е обилен дожд кој го забрзува созревањето на зрното. Меѓутоа многу адвентисти во оваа аналогија заборавиле дека времето помеѓу раниот и доцниот дожд е влажен период. Во меѓувреме постојано врне дожд. Ако ја следиме аналогијата, ќе сфатиме дека живееме во дождлив период на Светиот Дух. Тој ни е постојано достапен кога се вклучуваме во остварувањето на Христовата задача. Токму поради тоа не мора да чекаме на излевање на Све-

тиот Дух како што чекале учениците. Духот е веќе излиен. Сѐ што е потребно е да ги придобиеме луѓето за Исуса, да се ставиме на нивно располагање и да бидеме средства преку кои ќе се излее Светиот Дух.

Последица на излевањето на Светиот Дух во горната соба било моменталното проповедање на Христовата вест, која се однесувала на собирањето и создавањето ученици. Видлив резултат биле трите илјади крстени, само во тој ден. Нема сомневање, тоа бил резултат на Исусовото поучување во текот на три ипол години служба. Сега, под влијание на Светиот Дух, ова семе донело голем род.

Педесетницата довела и до излевање на духовните дарови, особено дарот на јазици. Овој дар ѝ овозможил на првата Црква да почне процес на создавање ученици меѓу припадниците на различни националности, присутни во тоа време во Ерусалим. Даровите на Духот може исправно да ги разбереме само ако го имаме на ум Големиот налог. Токму затоа Црквата ги добила даровите на Духот, особено дарот на зборување јазици, со цел да се исполни Големиот налог и другите да се направат ученици. Да се користат даровите на Духот за која било друга цел, значи нивно злоупотребување.

*Сабота, 29 мај 2021*

## СВЕДОЦИ ВО СВЕТОТ

**„Оние кои беа распрснати одеа, проповедајќи го Словото“ (Дела 8,4).**

Исус рекол дека постапката на создавање ученици мора да почне во Ерусалим, за потоа да се прошири на сите народи. Првите неколку години учениците го следеле овој план. Потоа се појавила опасност младата Црква да се развие во уште една еврејска заедница, без притоа да се пренесе веста на сите народи. Со цврст

темел кој бил воспоставен во Ерусалим, Светиот Дух можел да ги испрати кај другите народи и да ги направи ученици:

„Прогонството кое дошло на ерусалимската црква дало голем поттик во ширењето на евангелието. На тоа место службата била многу успешна така што постоела опасност учениците да се задржат предолго на едно место, занемарувајќи го налогот на Спасителот да одат по целиот свет. Заборавајќи дека силата за спротивставување на злото најдобро се стекнува со енергична служба, почнале да мислат дека ништо не е толку важно, како одбраната на Црквата во Ерусалим од непријателските напади. Наместо новите верници да ја однесат радосната вест на оние кои не ја чуле, биле во опасност да бидат задоволни само со она што било направено. За да ги распрсне своите претставници на места каде би можеле да работат за другите, Бог дозволил на нив да дојде прогонство. Истерани од Ерусалим, оделе од еден крај во друг, и на тој начин го проповедале Божјото евангелие.“

Прогонството што избило во Ерусалим довело до нагло ширење на христијанството меѓу народите. И неверојатната служба на апостол Павле довела до брзо ширење на христијанството меѓу народите. Пред да ја проучиме Павловата служба, да се позанимаваме малку со новозаветната црква. Изгледа дека таа била обземена од една единствена цел – да го исполни Големиот налог. Ништо не можело да ги одврати од оваа цел:

„Секој христијанин во својот брат видел божествена слика на добрина и љубов. Постоел само еден интерес, само една цел. Сите срца хармонично отчукувале. Единствен копнеж на верниците бил да покажат сличност со Христовиот карактер и да работат на ширењето на Неговото царство.“

*Сабота, 5 јуни 2021*

## ПРИЧИНА ЗА ПОСТОЕЊЕ НА ЦРКВАТА

**„И Јас ти велам, дека ти си Петар, и на тој Камен ќе ја изградам Мојата Црква, и портите на пеколот нема да надвладеат наспроти неа“ (Матеј 16,18).**

Делата на апостолите ни откриваат дека новозаветната црква јасно ја сфатила причината за нејзиното постоење, другите народи да ги стори ученици. За првата црква ништо друго не било поважно. Всушност, првата црква и не може да се одвои од нејзината свест за сопствената задача. Таа ја опфаќа целокупната нејзина работа, бидејќи црквата постоела исклучиво поради остварување на Исусовиот налог, другите народи да ги направи свои ученици.

Може да се запрашаме како некоја црква во нашето време може да тврди дека е Црква на Исуса Христа ако не е вклучена во остварување на Христовата задача – да создава ученици. Кога црквата ќе ја изгуби причината за своето постоење, таа може да стане општествен клуб, но не и црква на Исуса Христа. Единствено црквата која настојува другите да ги стори Христови ученици може да тврди за себе дека е црква која Исус ја основал со особена задача, создавање ученици.

„Секој кој го познава Исуса Христа за свој Господ и Спасител, мора силно да посакува и другите да го запознаат; мора да се радува што се умножува бројот на оние кои тоа го посакуваат. Кога таа желба и радост не постои, мора да се запрашаме дали нешто не чини, во седиштето на црковниот живот.“

Бидејќи многу денешни цркви не покажуваат мисионски елан како првата црква, тогаш нешто е сериозно промашено. Погрешна е отсутноста на мисионскиот начин на размислување. Оваа насоченост на задачата, денешната црква мора да ја оживее ако сака да биде верна на задачата која и ја доверил големиот Учител. Црквата мора повторно да се обиде другите да ги стори свои ученици. Значи треба да размисли за сѐ што работи, имајќи го на ум испол-

нувањето на Христовата задача. Поракатa на Ван Енге денес може да се примени на секоја адвентистичка црква:

„Она што црквата го прави само за себе, без намера да влијае на надворешниот свет, не е остварување на Христовата задача.“

„Меѓутоа она што пречесто го заборавамe, е дека нема никаква смисла Христовите ученици да го проповедаат Евангелието во просториите на месната црква. Проповедањето ќе биде успешно само ако е намерно упатено кон оние кои не го прифатиле Исуса за свој Господ.“

„Црквата не може во целост да биде Христово тело и Божји народ ако не му служи на светот.“

*Сабота 12 јуни 2021*

## ЦРКВАТА ВО СВЕТОТ

**„И одејќи, проповедајте и кажувајте дека се приближи царството небесно.“ (Матеј 10,7)**

Повеќето цркви го минуваат времето служејќи им на оние кои веќе се делови на телото, и кои одамна станале ученици. Бидејќи не биле поучени за времето на учење, верниците се неподготвени да одат во светот и другите да ги сторат ученици. За нив постои голема разлика помеѓу светот на црквата, и светот во кој работат. Но за првата црква овие два света биле претопени во еден, бидејќи „црквата која се собира“ воопшто не ја сметале за важна. За нив суштината на црквата била во распространетоста по светот, во потрага по други ученици.

Целта на мисионерски насочената новозаветна црква била да ја оствари задачата, додека на денешната Црква изгледа најчеста цел и е да ги зачува своите свети. Последица на тоа е тоа што поголемиот дел на цркви своето време, енергија, таленти и пари ги троши на своето сопствено одржување. Божја намера е црквата постојано да се шири, постојано да излегува надвор од заштитните

ѕидови во светот на кој му е потребна спасоносната вест за Исуса Христа. Исус нè повикува да се откажеме од својата удобност и сигурност, да излеземе надвор од ѕидовите на своите цркви, и да ги придобиеме оние кои не го познаваат. Како што ја оставил сигурноста на небото за да нè спаси нас, Исус и нас нè повикува да ја напуштиме сигурноста на своите удобни цркви, и да го однесеме Христа во вистинскиот свет надвор од границите на црквата.

По се изгледа дека со денешната црква владее менталитет на „гето“. Поради тоа нашите верници задоволно си „играат црква“, додека светот надвор гори. Христијаните живеат во христијанска атмосфера. Сите нивни пријатели се сигурни во црквата. Нивните слободни активности се насочени на црквата, а програмите во рамките на црквата им се наменети само на нив. Современиот ученик ја одвоил својата работа во светот од работата за Христа. Поради тоа во животите на просечните христијани во текот на седмицата воопшто не постои мисионерско дејствување.

Со одвојувањето на работата од црквата, христијаните малку влијаат на светот околу себе. А оние кои се наоѓаат надвор, ја отпишале црквата како организација која нема никаква врска со денешниот свет, како остаток од минатите времиња. Тоа е природна последица на фактот дека Црквата ја занемарува Христовата задача. Црквите кои треба да бидат насочени на остварување на задачата, се насочени самите кон себе, и токму поради тоа не постои раст. Ова го забележал и Карл Хантер:

„Кога нема раст, грешката не е во Божјиот налог, туку во пропустот на верниците. Кога живиот организам, црквата, не е здрава и не расте, тоа е заради фактот што верниците не го следат Учителот. Заборавиле да ја извршуваат Неговата волја … За среќа, постои покајание. Црквата ќе почне да расте кога Божјиот народ ќе тргне и ќе го следи Неговиот налог.“

*Сабота, 19 јуни 2021*

## ПОСЛУШНА ЦРКВА

**„И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6).**

Адвентистичката црква отсекогаш тврдела дека е Божја црква на остатокот, бидејќи ги извршува сите заповеди. Дали е точно дека некоја црква може да се смета за црква на остатокот ако не ги извршува Христовите заповеди? Тоа би значело дека црквата која сака да биде Божји остаток мора да го прифати Големиот налог, кој вели дека примарна задача на црквата треба да биде учењето другите да се сторат ученици. Црквата која не работи на овој начин не може да се нарече Остаток. Таквата црква треба да се покае поради пропустите поради кои не го извршува Големиот налог. Можеби е дојдено времето адвентистичките цркви да се запрашаат дали верно го извршуваат Христовиот налог? Ако не го извршуваат, можеби треба да се покаат за својата непослушност? Времето премногу одминало, за црквата да продолжи да живее лаодикејски и рамнодушно, додека светот околу неа пропаѓа. Време е за сериозно покајание на гревовите на пропустите кои биле направени, заради исполнување на големата Христова желба, другите да ги сториме ученици.

Потребата на денешната црква е обнова на доживувањето на задачата која ја движела првата црква, со цел другите да се сторат ученици, заради остварување на Големиот налог. Црквата во денешно време не смее да се занимава со развивање теологија за барање на изгубените, туку со теологија чија цел е создавање на ученици. Задачата на црквата не е само проповедање на Радосната вест, туку и доведување на изгубените кај Христа, на тој начин што ќе станат ученици во библиска смисла. Првата црква не ги барала само изгубените, туку и ги наоѓала. Црквата постојано растела и напредувала, бидејќи ја сметала за своја одговорност задачата да ги бара изгубените, со цел да ги направи ученици.

*Сабота, 26 јуни 2021*

## СВЕТИОТ ДУХ И ЗАДАЧАТА

**„Навистина, иако сум слободен од сите, се претворив во роб на сите, за да ги придобијам што повеќе. На Јудејците им бев како Јудеец, за да ги придобијам Јудејците; на оние кои се под Законот им бев како и самиот да сум под Законот, иако јас не сум под Законот, за да ги придобијам оние, кои се под Законот. На оние, кои се без закон, им бев како да сум и јас без закон, иако не сум без Божјиот Закон, туку сум под Христовиот Закон, за да ги придобијам оние, кои се без закон. На слабите им бев слаб, за да ги придобијам слабите; на сите им станав сè, та по секаков начин да спасам некои“ (1. Коринќаните 9,19-22)**

Првата навестена разлика во културите се наоѓа во Дела 6, набрзо по Педесетница, кога грчките христијани се пожалиле дека заедницата од арамејско говорно подрачје ги занемарила нивните вдовици при секојдневната поделба на храната. Интересно е, не се жалела арамејската, туку грчката заедница. Зошто? Арамејската заедница ја сочинувале првите христијани, додека грчката била составена од понови групи верници. Иако и двете потекнувале од ист локалитет, постоеле разлики во културите.

Најинтересен пример како првата црква културолошки се адаптирала на групите кои го прифатиле евангелието е видлив на ерусалимскиот собор (Дела 15). Наглото ширење на христијанството, кое ги надминало еврејските корени, особено благодарение на трудот на апостол Павле и неговата служба меѓу незнабошците, довело до основање на многу христијански цркви меѓу граѓаните кои не биле со еврејско потекло. Дали требало еврејските обичаи да им се наметнат на верниците од незнабоштвото? Со други зборови, дали незнабошците требало првин да станат Евреи, за да можат подоцна да станат христијани?

За да може да одговори на основното прашање, Црквата требала да дефинира што претставува христијанството, и што се кул-

турни разлики во нејзините рамки. За секоја црква најтешко е да се одвои културата од суштината. Дела 15 глава покажува дека првата црква знаела како да го направи тоа. Но претставувала голема тешкотија да се прилагодат обичаите кои потекнувале од разни култури, без да се сметаат за отпад од суштинската вера. Резултатот се огледал во множење на верниците низ целиот римски свет; христијанството престанало да биде еврејска заедница, бидејќи бројот на обратеници од незнабоштвото наскоро го надминал бројот на верници од еврејството.

На ист начин и адвентизмот доживеал свое меѓународно ширење. Со оглед на американското потекло во 19 век, било многу лесно да се придодаде културата на Северна Америка на адвентизмот по целиот свет. Но кога адвентизмот се проширил низ целиот свет, во одредени земји се развиле различни културолошки изрази на верата. Некои верници тешко ги разбирале разликите во културите меѓу адвентистите низ целиот свет. Ние често пати сакаме тие да постапуваат исто како нас.

Кога адвентизмот се соединил со одредени култури, а водството го преземале домашните луѓе, црквата почнала да расте многу побрзо отколку кога била под северноамериканска управа. Во адвентизмот се случило она што ѝ се случила на првата црква; повторно било потврдено дека Црквата најдобро расте кога се наоѓа под домашно водство, прилагодена на домашната култура.

Градиво за саботна школа
2/2021
Мисионски стихови
Тримесечно издание:

Издава:
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

Техничка обработка:
Мелита Томовска

Одговорен: Томе Трајков

За интерна употреба